**Здравјето и пост-конфликтните трауми**

4. Училиштето води грижа за здравјето на учениците преку разни предавања

50% од анкетираните родители одговориле дека се согласуваат, 42% дека се согласуваат делумно, а 8% дека не се согласуваат.




Според добиените резултати според анкетирани родители значи дека училиштето има добра грижа за здравјето на учениците преку разни предавања.

| | | |
|---|---|---|
| | | 5. Училиштето се грижи за учениците кои потекнуваат од социјално загрозени семејства<br><br>30% од анкетираните родители одговориле дека се согласуваат, 55% дека се согласуваат делумно, а 15% дека не се согласуваат.<br><br><br><br><br>Според прикажаните резултати според анкетирани родители значи дека треба да се обрне внимание околу грижата за учениците кои потекнуваат од социјално загрозени семејства. |

6. Училиштето ги идентификува и им дава поддршка на учениците со потешкотии во учењето, на надарените ученици и учениците со посебни образовни потреби

48% од анкетираните родители одговориле дека се согласуваат, 42% дека се согласуваат делумно, а 10% дека не се согласуваат.




Според прикажаните резултати според анкетирани родители значи дека дека треба да се обрне внимание околу подршката на училиштето околу учениците со потешкотии, на надарените ученици и учениците со посебни образовни потреби.

### 7. Училиштето превзема активности за заштита од пушење, алкохол и дрога

47% од анкетираните родители одговориле дека се согласуваат, 38% дека се согласуваат делумно, а 15% дека не се согласуваат.




Според прикажаните резултати според анкетирани родители значи дека дека треба да се обрне внимание околу активностите на училиштето за заштита од пушење, алкохол и дрога.

**Советодавна помош на учениците**

8. Училиштето има пропишано процедура за навремено откривање на ученици со емоционални проблеми од секаков вид (семејно насилство,семејна негрижа, развод, болест во семејството, постконфликтни трауми  и др.

37% од анкетираните родители одговориле дека се согласуваат, 50% дека се согласуваат делумно, а 13% дека не се согласуваат.




Според прикажаните резултати според анкетирани родители значи дека треба да се обрне одредено внимание на процедурите за навремено откривање на учениците со емоционални проблеми од секаков вид (семејно насилство, семејна негрижа, развод, болест во семејството, постконфликтни трауми).

| | | Следење на напредокот |
|---|---|---|
| | | 9. Училиштето води јасна и редовна евиденција за присуството и редовноста на учениците во наставата<br><br>49% од анкетираните родители одговориле дека се согласуваат, 43% дека се согласуваат делумно, а 8% дека не се согласуваат.<br><br><br><br><br>Според прикажаните резултати според анкетирани родители значи дека е во ред грижата на училиштето за јасна и редовна евиденција за присуството и редовноста на учениците. |

| | | |
|---|---|---|
| | | 10. Училиштето редовно е во контакт со родителите секогаш кога тоа е потребно<br><br>52% од анкетираните родители одговориле дека се согласуваат, 43% дека се согласуваат делумно, а 5% дека не се согласуваат.<br><br><br><br>Според прикажаните резултати според анкетирани родители значи дека се во ред контактите на училиштето со родителите секогаш кога се потребни. |

<table>
<tr><th colspan="3">РЕЗУЛТАТИ ОД АНКЕТИРАНИ УЧЕНИЦИ</th></tr>
<tr><td rowspan="2">Анкетен лист за ученици<br>Беа анкетирани вкупно 60 ученици</td><td rowspan="2">Александар Котевски<br>Лилјана Мицалевска<br>Катерина Ивановска<br>Кристина Фузевска<br>Ефгена Цуровска<br>Весна Стојчевска - родител</td><td>Севкупна грижа за учениците</td></tr>
<tr><td>1 . Училиштето се грижи за безбедноста на учениците додека престојуваат во него<br><br>75% од анкетираните ученици одговориле дека се согласуваат, 25% дека се согласуваат делумно.<br><br><br><br><br>Според добиените резултати според анкетирани ученици значи дека дека е во ред грижата на училиштето околу безбедноста на учениците додека престојуваат во него.</td></tr>
</table>

2. Училиштето води грижа за учениците кои подолго време отсуствуваат од настава

62% од анкетираните ученици одговориле дека се согласуваат, 33% дека се согласуваат делумно, а 5% дека не се согласуваат.




Според добиените резултати според анкетирани ученици значи дека е во ред грижата на училиштето околу отсуствата од подолг временски период на учениците.

<table>
<tr>
<td></td>
<td></td>
<td>

3. Училиштето спречува секаков облик на насилство манифестиран од возрасни и ученици

47% од анкетираните ученици одговориле дека се согласуваат, 45% дека се согласуваат делумно, а 8% дека не се согласуваат.




Според добиените резултати според анкетирани ученици значи дека е во ред спречување на секаков вид на насилство манифестиран од возрасни и ученици.

</td>
</tr>
</table>

**Здравјето и пост-конфликтните трауми**

4. Училиштето води грижа за здравјето на учениците преку разни предавања

70% од анкетираните ученици одговориле дека се согласуваат, 27% дека се согласуваат делумно, а 3% дека не се согласуваат.




Според добиените резултати според анкетирани ученици значи дека училиштето има добра грижа за здравјето на учениците преку разни предавања.

| | | |
|---|---|---|
| | | 5. Училиштето се грижи за учениците кои потекнуваат од социјално загрозени семејства<br><br>53% од анкетираните ученици одговориле дека се согласуваат, 42% дека се согласуваат делумно, а 5% дека не се согласуваат.<br><br><br><br><br>Според прикажаните резултати според анкетирани ученици значи дека е во ред грижата за учениците кои потекнуваат од социјално загрозени семејства. |

| | | |
|---|---|---|
| | | 6. Училиштето ги идентификува и им дава поддршка на учениците со потешкотии во учењето, на надарените ученици и учениците со посебни образовни потреби<br><br>53% од анкетираните ученици одговориле дека се согласуваат, 45% дека се согласуваат делумно, а 2% дека не се согласуваат.<br><br><br><br><br>Според прикажаните резултати според анкетирани ученици значи дека дека е во ред подршката на училиштето околу учениците потешкотии, на надарените ученици и учениците со посебни образовни потреби. |

7. Училиштето превзема активности за заштита од пушење, алкохол и дрога

63% од анкетираните ученици одговориле дека во се согласуваат, 32% дека се согласуваат делумно, а 5% дека не се согласуваат.




Според прикажаните резултати според анкетирани ученици значи дека дека се во ред активностите на училиштето за заштита од пушење, алкохол и дрога.

| | | **Советодавна помош на учениците** |
|---|---|---|
| | | 8. Училиштето има пропишано процедура за навремено откривање на ученици со емоционални проблеми од секаков вид (семејно насилство,семејна негрижа, развод, болест во семејството, постконфликтни трауми и др.<br><br>27% од анкетираните ученици одговориле дека во се согласуваат, 70% дека се согласуваат делумно, а 3% дека не се согласуваат.<br><br><br><br>Според прикажаните резултати според анкетирани ученици значи дека треба да се обрне одредено внимание на процедурите за навремено откривање на учениците со емоционални проблеми од секаков вид (семејно насилство, семејна негрижа, развод, болест во семејството, постконфликтни трауми). |

| | | Следење на напредокот |
|---|---|---|
| | | 9. Училиштето води јасна и редовна евиденција за присуството и редовноста на учениците во наставата<br><br>63% од анкетираните ученици одговориле дека во се согласуваат, 37% дека се согласуваат делумно.<br><br><br><br>Според прикажаните резултати според анкетирани ученици значи дека е во ред грижата на училиштето за јасна и редовна евиденција за присуството и редовноста на учениците. |

| | | |
|---|---|---|
| | | 10. Училиштето редовно е во контакт со родителите секогаш кога тоа е потребно<br><br>70% од анкетираните ученици одговориле дека се согласуваат, 30% дека се согласуваат делумно.<br><br><br><br>Според прикажаните резултати според анкетирани ученици значи дека се во ред контактите на училиштето со родителите секогаш кога се потребни. |

Споредбата на трите видови на анкети за секое прашање е дадено на следните графици за да може да се видат разликите во мислењата на наставниците, родителите и учениците.


Училиштето се грижи за безбедноста на учениците додека престојуваат во него
100
80
60
40
20
0
се согласува
делумно се согласува
не се согласува
наставници
родители
ученици


Училиштето води грижа за учениците кои подолго време отсуствуваат од настава
100
80
60
40
20
0
се согласува
делумно се согласува
не се согласува
наставници
родители
ученици


Училиштето спречува секаков облик на насилство манифестиран од возрасни и ученици
100
80
60
40
20
0
се согласува
делумно се согласува
не се согласува
наставници
родители
ученици


Училиштето води грижа за здравјето на учениците преку разни предавања
100
80
60
40
20
0
се согласува
делумно се согласува
не се согласува
наставници
родители
ученици


Училиштето се грижи за учениците кои потекнуваат од социјално загрозени семејства
100
80
60
40
20
0
се согласува
делумно се согласува
не се согласува
наставници
родители
ученици


Училиштето ги идентификува и им дава поддршка на учениците со потешкотии во учењето, на надарените ученици и учениците со посебни образовни потреби
100
80
60
40
20
0
се согласува
делумно се согласува
не се согласува
наставници
родители
ученици


Училиштето превзема активности за заштита од пушење, алкохол и дрога
100
80
60
40
20
0
се согласува
делумно се согласува
не се согласува
наставници
родители
ученици


Училиштето има пропишано процедура за навремено откривање на ученици со емоционални проблеми од секаков вид
100
80
60
40
20
0
се согласува
делумно се согласува
не се согласува
наставници
родители
ученици







**Тим за Поддршка на учениците:**

**Александар Котевски, Лилјана Мицалевска, Катерина Ивановска, Кристина Фузевска, Ефгена Џуровска, Весна Стојчевска - родител**

**Самоевалуација на училиштето:**
**ООУ Гоце Делчев – Ресен** **Подрачје 5: Училишна клима и култура**

| Бр. | Индикатор за квалитет | Теми |
|---|---|---|
| 5.1 | **Училишна клима и односи во училиштето** | • Углед/имиџ на училиштето<br>• Кодекс на однесување<br>• Училишна клима<br>• Поведение и дисциплина во училиштето<br>• Партиципација на учениците во решавањето на проблеми и донесувањето на одлуки |
| 5.2 | **Промовирање на постигањата** | • Промовирање на личните постигања на учениците<br>• Промовирање на постигањата во име на училиштето |
| 5.3 | **Еднаквост и правичност** | • Познавање на правата на децата<br>• Еднаков и правичен третман на сите ученици<br>• Прифаќање и промовирање на мултикултурализмот |
| 5.4 | **Партнерски однос со родителите и со локалната и деловната заедница** | • Соработка на училиштето со родителите<br>• Соработка со локалната заедница<br>• Соработка со деловната заедница и невладиниот сектор |

## 5.1. УЧИЛИШНА КЛИМА И ОДНОСИ ВО УЧИЛИШТЕТО

**Собирање на податоци (Кои податоци се собрани: Кои методи се користени). (i) Обработка на документи**

| Извори на податоци | Кои информации се собрани? |
|---|---|
| Кодекс на однесување<br>Годишна програма на училиштето<br>Куќен ред<br>Одделенски дневници<br>Веб страна на училиштето<br>Локални медиуми<br>Должности и правила за однесување на наставниците иучениците<br>Педагошка евиденција за изречени педагошки мерки<br>Записници од УО<br>Записници од Совет на родители<br>Записници од стручни активи<br>Дневник за советодавна работа соученици на стручните соработници<br>Годишна програма за работа наУченичките заедници<br>Анкета за наставници родители иученици | **Углед/имиџ на училиштето**<br>Училиштето води грижа за професионалниот развој на воспитно образовниот кадар кој работи на остварување на мисијата и постигнувањето на целите на визијата. Визијата и мисијата се истакнати на видно место во училиштето. Во склоп на Годишната програма за работа на училиштето има Програма за грижа за здравјето.<br>Се води грижа за родовата сензитивност. Има ученици од друга националност, се негува мултикултурализмот и учениците се учат да ги почитуваат разликите помеѓу себе. Училиштето ја поддржува инклузивноста со поддршка на надарените и учениците кои имаат потешкотии во учењето преку диференцијација на наставата и преку одржување на часови за додатна и дополнителна настава.<br>Вклучувањето на родителите во зајакнувањето на училишниот живот се гледа од Програмата на советот на родители, Деловникот за работа и од родителско-наставничките средби (групни и индивидуални).<br><br>**Кодекс на однесување**<br>Во училиштето има Кодекс на однесување со кој се поставени принципите и правилата за однесување на сите структури во училиштето, меѓутоа потребно е истиот добро да се истакне на видно место. Училиштето не доволно истакнува пишани процедури за реагирање во случај на прекршување на принципите и правилата во однесувањето пропишани со Кодексот.<br><br>**Училишна клима**<br>Во училиштето постои професионална соработка меѓу вработените што се гледа од увидот во записниците на Наставничките, Одделенските совети и работата на стручните активи.<br>Вработените ги упатуваат учениците да се грижат за училиштето и едни за други што е видено од Програмите за одделенскиот час во предметна и одделенска настава на кој се |

| | |
|---|---|
| | работат теми од програмата Животни Вештини. Од наведените извори може да се дојде до сознание дека учениците се чувствуваат прифатени од вработените и другите ученици без оглед на нивната способност, полот, етничката припадност, социјалното потекло и вероисповеста.<br><br>**Поведение и дисциплина во училиштето**<br>Дисциплината на учениците е добра. Има многу мал број на ученици кај кои се забележуваат проблеми поврзани со недициплината на часовите (усни и писмени опомени) Училиштето во врска со тоа превзема советодавна работа на раководителот на паралелката со овие ученици, советодавна работа на стручните соработници и директорот, активности на раководството на ученичката заедница на паралелката, вклучување на родителите во решавањето на таквите проблеми.<br><br>**Учество на учениците во решавањето на проблеми и донесување на одлуки**<br>Наставниците постојано се грижат за однесувањето и безбедноста на учениците за време на одморите, приемот на учениците и нивното заминување од училиште што се гледа од Распоредот на Дежурните наставници. Преку работата на Ученичкиот парламент и ученичките заедници учениците се информирани за се што е од нивен интерес. Тие учествуваат во решавањето проблеми и донесувањето на одлуки што е видено од одделенските книги и записниците на ученичката зедница на училиштето. |

## 5.2. ПРОМОВИРАЊЕ НА ПОСТИГНУВАЊАТА

**Собирање на податоци (Кои податоци се собрани: Кои методи се користени). (i) Обработка на документи**

| Извори на податоци | Кои информации се собрани? |
|---|---|
| Годишен и полугодишен извештај на училиштето<br>Одделенските дневници<br>Медиумско промовирање на постигањата на учениците<br>Анкета за наставници родители и ученици | **Промовирање на личните постигнувања на учениците**<br>Училиштето става голем акцент на постигањата на сите ученици. Наставниот кадар успешно ја организира средината за учење со поставување јасни и високи очекувања во однос на постигањата, редовноста и дисциплината на учениците. Учениците исто така имаат големи очекувања од самите себе и од другите, имаат аспирации за повисоки постигања на ниво на училиште.<br>Наставниот кадар успешно го користи пофалувањето како начин на мотивирање. И покрај виските постигнувања на учениците како во наставата така и во вон наставните активности, училиштето нема изградено систем на вредности и начин на промовирање на личните постигања, односно правилник за пофалби и награди за учениците.<br><br>**Промовирање на постигнувањата во име на училиштето**<br>Училиштето води политика за поттикнување на наставниот кадар и учениците да учествуваат и постигнуваат успех на натпревари на локално, регионално и национално ниво.<br>За да ги промовира личните постигнувања на учениците училиштето:<br>-организира јавна презентација на јавните постигања на училиштето и детските изработки.<br>-презентација на јавни културни приредби што произлегуваат од слободните активности. |

<table>
<tr><td colspan="2">5.3. ЕДНАКВОСТ И ПРАВИЧНОСТ<br>Собирање на податоци (Кои податоци се собрани: Кои методи се користени). (i) Обработка на документи</td></tr>
<tr><td>Извори на податоци</td><td>Кои информации се собрани?</td></tr>
<tr><td>Годишни глобални и тематскипланови<br>и програми по предмети,<br>Дневник<br>Ученичко досие за упис на<br>учениците<br>Анкета за наставници родители иученици</td><td>Познавање на правата на децата<br>Училиштето организира работилници со учениците за да ги запознае со правата на децата преку ученичката заедница. На часовите во одделенска настава по одделни предмети учениците имаат можност да се запознаат со одделни права. Сите вработени во училиштето подеднакво се однесуваат кон сите ученици, независно од полот, социјалното потекло, етничка припадност.<br><br>Прифаќање и промовирање на мултикултурализмот<br>Училиштето обезбедува еднакви наставни содржини за сите ученици (машки и женски). Застапеноста на учениците во слободните ученички активности е рамномерна. Не постојат ученици кои се преоптеретени со учество во повеке секции, ниту пак голем број ученици кои не се вклучени во слободните ученички активности.<br>За учениците со потешкотии во учењето и надарените ученици се организираат додатна и дополнителна настава, за работа со учениците со посебни потреби се изготвуваат индивидуални планирања и наставниците работат со диференциран приод.<br><br>Еднаков и правичен третман на сите ученици<br>Еднаквоста и правичноста во третманот на учениците започнува уште со нивниот упис во училиштето преку работата на Комисијата за упис -Наставниците постојано се грижат за однесувањето и безбедноста на учениците за време на одморите, приемот на учениците и нивното заминување од училиште што се гледа од Распоредот на Дежурните наставници. Преку работата на Ученичкиот парламент и ученичките заедници учениците се информирани за се што е од нивен интерес. Тие учествуваат во решавањето проблеми и донесувањето на одлуки што е видено од одделенските книги и записниците на ученичката зедница на училиштето.</td></tr>
</table>

<table>
<tr><td colspan="2">5.4. ПАРТНЕРСКИ ОДНОС СО РОДИТЕЛИТЕ И СО ЛОКАЛНАТА И ДЕЛОВНА ЗАЕДНИЦА<br>Собирање на податоци (Кои податоци се собрани: Кои методи се користени). (i) Обработка на документи</td></tr>
<tr><td>Извори на податоци</td><td>Кои информации се собрани?</td></tr>
<tr><td>Годишна програма за работа на училиштето<br>Записници од Совет на родители на училиштето<br>Одделенски книги<br>Архива<br>Годишен извештај за работата научилиштето</td><td>Соработка на училиштето со родителите<br>Родителите се вклучуваат во тековните настани на училиштето преку Родителските средби, вклучување на членови во Советот на родители, индивидуални средби со родителите, членување во Училишен одбор со што се запознаваат со проблемите на училиштето. Соработката со родителите е неминовен сегмент од сите подрачја на училишното комуницирање.<br>Преку Советот на родители во училиштето родителите учествуваат во изборот на маршути итуристички агенции за изведување на наставни екскурзии.<br>Покрај индивидуалните и групните родителски средби каде родителите имаат можност да добијат информации за своето дете, функционира и електронскиот дневник кој им дава можност на родителите да се здобијат со сите информации за ученикот. При информирањето им се даваат информации за: успехот во наставата, поведението на ученикот, изречена педагошка мерка или пофалба.<br><br>Соработка со локалната заедница<br>Училиштето соработува со следните институции од Локалната средина: Локалната смоуправа игградоначалникт, БРО, основни и средни училишта, Дом на култура, МВР, Центар за социјална работа, невладини организации НВО СППМД, спортски друштва и клубови, театар, иститути од областа на културата, здравствените домови, Црвен крст.<br><br>Соработка со деловната заедница и невладиниот сектор<br>Училиштето е активно на интернет-мрежата преку веб-страната, како и преку училишната fb- профил и училишниот меил и истите ги користи како мрежа за соработка со деловната заедница и невладиниот сектор.</td></tr>
</table>

**Анализа на резултатите:**

Училиштето води грижа за професионалниот развој на воспитно образовниот кадар и за остварувањето на визијата и мисијата кои се истакнати на видно место во училиштето. Се води грижа за здравјето на учениците во училиштето.
При формирањето на паралелките стручните соработници заедно со Комисија се грижат за еднаквата застапеност на учениците според полот, интелектуалните, моторичките способности и покажаните предзнаења. Училиштето ги поддржува надарените и учениците кои имаат потешкотии во учењето. Зајакнувањето на партиципацијата во училишниот живот на учениците се одвива преку работата на Ученичките заедници и Ученичкиот парламент на училиштето, соработката со Совет на родители, од Програмата на Советот на родители и од родителско-наставничките средби (групни и индивидуални).
Заедницата има свои претставници во Училишниот одбор.Училиштето има Кодекс на однесување, а има и пишани процедури за реагирање во случај на прекршување на принципите и правилата.
Постои соработка меѓу вработените кои ги упатуваат учениците да се грижат за училиштето и едни за други и да се чувствуваат прифатени одвработените и другите ученици без оглед на разликите.
Дисциплината на учениците е добра. Има мал број на ученици кај кои се забележуваат проблеми поврзани со дисциплината и ним им се изрекуваат педагошки мерки во согласност со Правилникот за изрекување на педагошки мерки. Заради успешно справување со овие проблеми во училиштето нема прекини во учењето и наставата.
Наставниците постојано се грижат за однесувањето и безбедноста на учениците за време на одморите, приемот на учениците и нивното заминување од училиштето.Учениците се навремено и целосно информирани за се што е од нивен интерес. Тие учествуваат во решавањето проблеми и донесувањето на одлуки.
За да ги промовира личните постигнувања на учениците училиштето организира јавна презентација на постигањата на училиштето и детскитеизработки,презентација на јавни културни приредби, Учество на напревари и конкурси.
Училиштето обезбедува еднакви наставни содржини за сите ученици при што за учениците со потешкотии во учењето и надарените ученици се организираат додатна и дополнителна настава.
Училиштето ги следи сите ученици и води грижа да добијат еднаков третман. Еднаквоста и правичноста во третманот на учениците започнува уште со нивниот упис во училиштето преку работата на Комисијата за упис.
Родителите се вклучени во тековните настани на училиштето преку родителските средби, Советот на родители, индивидуални средби , членување во Училишен одбор со што се запознаваат со проблемите на училиштето.
Со родителите се комуницира најчесто усно, но по потреба и писмено. При информирањето им се даваат информации за: успехот во наставата, поведението на ученикот, изречена педагошка мерка, пофалба. На родителите на наставничко родителските средби , на средбите на советот на родители на ниво на училиште им се даваат информации за: наставниот кадар, наставните планови и програми, постигањата на учениците, организационата поставеност на училиштето, Кодексот на однесување, Куќниот ред во училиштето.
Училиштето соработува со другите заинтересирани учесници во образованието од локалната заедница.

| Училиштето соработува со други училишта при решавање на конфликтни ситуации заради размена на искуства, консултации |
|---|
| **Јаки страни:**<br><br>▪ Редовна промоција на постигањата на учениците и училиштето<br>▪ Правичен третман на учениците<br>▪ Прифаќање на мултикултурализмот<br>▪ Редовна соработка со локална заедница и невладиниот сектор<br>▪ Соработка со родители |
| **Слаби страни:**<br><br>▪ Во училиштето има Кодекс на однесување со кој се поставени принципите и правилата за однесување на сите структури во училиштето, меѓутоа потребно е истиот добро да се истакне на видно место. Училиштето не доволно истакнува пишани процедури за реагирање во случај на прекршување на принципите и правилата во однесувањето пропишани со Кодексот. |

<table>
<tr><td colspan="3">Собирање податоци<br>Кои други методи се користени за собирање податоци? (прашалници, анкети, набљудувања, интервјуа)</td></tr>
<tr><td>Методи кои се користени за собирање податоци</td><td>Кој беше вклучен во собирање на овие податоци?</td><td>Кои информации се собрани?</td></tr>
<tr><td colspan="3">РЕЗУЛТАТИ ОД АНКЕТИРАНИ УЧЕНИЦИ И НАСТАВНИЦИ</td></tr>
<tr><td>Анкетен лист за ученици и наставници (вкупно 30 ученици и 30 наставници)</td><td>Марија Груевска<br>Маре Соколевска<br>Таше Соколевски<br>Марија Трајчевска<br>Александар Ѓорѓиевски<br>Емилија Арнаудовска</td><td>1 . Истакнат кодекс на однесување во училиштето<br><br>50% од анкетираните испитаници одговориле дека се согласуваат, 30% дека се согласуваат делумно, а 20% дека не се согласуваат.<br><br><br><br><br>Според добиените резултати според анкетирани ученици и наставници значи дека има проблем со истакнувањето на кодекс на однесување во училиштето.</td></tr>
</table>

| | | |
|---|---|---|
| | | **2. Односот меѓу наставниците и учениците се базира на взаемно почитување (климата во училиштето)**<br><br>75% од анкетираните испитаници одговориле дека се согласуваат, 25% дека се согласуваат делумно.<br><br><br><br>Според добиените резултати според анкетирани испитаници значи дека е во ред односот меѓу наставниците и учениците кој се базира на взаемно почитување. |

| | | |
|---|---|---|
| | | **3. Поведението и дисциплината во училиштето се на високо ниво**<br><br>95% од анкетираните испитаници одговориле дека во се согласуваат, 5% дека се согласуваат делумно.<br><br><br><br><br>Според добиените резултати според анкетирани испитаници значи дека е поведението и дисциплината се на високо ниво |

<table>
<tr><th>Методи кои се користени за собирање податоци</th><th>Кој беше вклучен во собирање на овие податоци?</th><th>Кои информации се собрани?</th></tr>
<tr><td colspan="3">РЕЗУЛТАТИ ОД АНКЕТИРАНИ УЧЕНИЦИ</td></tr>
<tr><td>Анкетен лист за ученици (вкупно 30 ученици)</td><td>Марија Груевска<br>Маре Соколевска<br>Таше Соколевски<br>Марија Трајчевска<br>Александар Ѓорѓиевски<br>Емилија Арнаудовска</td><td>1 . Партиципација на учениците во решавање на проблеми и донесување на одлуки<br><br>90% од анкетираните ученици одговориле дека се согласуваат, 5% дека се согласуваат делумно, а 5% дека не се согласуваат.<br><br><br><br>Според добиените резултати според анкетирани ученици значи дека дека е во партиципацијата на учениците во решавање на проблеми и донесување на одлуки.</td></tr>
</table>

| | | |
|---|---|---|
| | | 2 . Промовирање на постигањата на учениците и училиштето<br><br>100% од анкетираните ученици одговориле дека се согласуваат.<br><br><br><br>Според добиените резултати според анкетирани ученици значи дека дека постои одлична промоција на постигањата на учениците и на самото училиште. |

| | | |
|---|---|---|
| | | 3 . Познавање на правата на децата<br><br>100% од анкетираните ученици одговориле дека се согласуваат.<br><br><br><br>Според добиените резултати според анкетирани ученици значи дека дека учениците во потполност се запознаени со своите права и обврски. |

| | | |
|---|---|---|
| | | 4 . Еднаков и правичен третман на сите ученици<br><br>80% од анкетираните ученици одговориле дека се согласуваат, 20% дека се согласуваат делумно.<br><br><br><br><br>Според добиените резултати според анкетирани ученици значи дека учениците добиваат еднаков поттик без разлика на нивните национална припадност и пол, емоционални и други потреби. |

| | | |
|---|---|---|
| | | 5. Прифаќање и промовирање на мултикултурализмот<br><br>95% од анкетираните ученици одговориле дека се согласуваат, 5% дека се согласуваат делумно.<br><br><br><br><br>Анкетата покажува дека во голем степен учениците сметаат дека од страна на наставниците се почитува принципот на еднаквост и на недделивост врз кој се базира политиката којашто ја води училиштето врз основа на мултиетничност што се поткрепува со фактот дека во анкетата учествуваа : 18 Македонци 10 Роми, и 2 Албанци |

<table>
<tr><th>Методи кои се користени за собирање податоци</th><th>Кој беше вклучен во собирање на овие податоци?</th><th>Кои информации се собрани?</th></tr>
<tr><td colspan="3">РЕЗУЛТАТИ ОД АНКЕТИРАНИ РОДИТЕЛИ</td></tr>
<tr><td>Анкетен лист за родители (вкупно 30 родители)</td><td>Марија Груевска<br>Маре Соколевска<br>Таше Соколевски<br>Марија Трајчевска<br>Александар Ѓорѓиевски<br>Емилија Арнаудовска</td><td>1 . Соработка на родителите со училиштето<br><br>100% од анкетираните родители одговориле дека во се согласуваат.<br><br><br><br><br>Според добиените резултати според анкетирани родители значи дека дека постои одлична соработка на родителите со училиштето.</td></tr>
</table>

| Методи кои се користени за собирање податоци | Кој беше вклучен во собирање на овие податоци? | Кои информации се собрани? |
|---|---|---|
| **РЕЗУЛТАТИ ОД АНКЕТИРАНИ ИСПИТАНИЦИ** | | |
| Анкетен лист за родители, наставници и ученици (вкупно 20 родители, 20 наставници, 20 ученици) | Марија Груевска<br>Маре Соколевска<br>Таше Соколевски<br>Марија Трајчевска<br>Александар Ѓорѓиевски<br>Емилија Арнаудовска | **1 . Соработка на училиштето со локалната заедница и невладиниот сектор**<br><br>100% од анкетираните испитаници одговориле дека се согласуваат<br><br><br><br>Според добиените резултати според анкетирани наставници значи дека постои одлична соработка на училиштето со локалната заедница и невладиниот сектор. |

| | | |
|---|---|---|
| | | **На отворените прашања:**<br>¬ **„На кој начин сте вклучени во активностите на училиштето?**‘‘ анкетираните родители одговориле:<br>-Преку: Совет на родители, родителски средби, приемни денови, проекти, актвности предвидени со годишната програма, хуманитарни акции, Тимс, Facebook – интеракција, вибер групи<br>¬ „**На кој начин имате евиденција за напредокот, присутноста и поведението на вашето дете?‘‘** одговориле: -Преку: СМС, Е–дневник, Тимс, директен контакт со класен раководител и наставниците, увид во тестовите. |

**Тим за училишна клима:**

**Марија Груевска, Маре Соколевска, Таше Соколевски, Марија Трајчевска, Александар Ѓорѓиевски, Емилија Арнаудовска - родител**

**Самоевалуација на училиштето:**
**ООУ Гоце Делчев – Ресен** **Подрачје 6: Ресурси**

| Бр. | Индикатор за квалитет | Теми |
|---|---|---|
| 6.1 | **Сместување и просторни капацитети** | ➢ Просторни капацитети<br>➢ Наставни средства и материјали<br>➢ Обезбедување на потребен наставен кадар<br>➢ Следење на образовните потреби на наставниот кадар<br>• Финасиско работење на училиштето |

## 6.1. Просторни капацитети

**Собирање на податоци (Кои податоци се собрани: Кои методи се користени). (i) Обработка на документи**

| **Извори на податоци** | **Кои информации се собрани?** |
|---|---|
| Годишна програма за работа;<br>Непосреден увид;<br>Распоред на часови;<br>Полугодишен и годишен извештај;<br>Записници од работата на стручните активи; | **Просторни услови**<br>Училишниот простор ги исполнува условите за изведување на настава според Нормативот. Постојат пријатни просторни услови за одвивање на работата на наставничкиот кадар и за организирање воннаставни активности за учениците. Училишната зграда е изградена 1958 год.Училишната зграда е од тврда градба. Внатрешната површина на училиштето изнесува 3840 $m^2$.Училиштето располага со вкупно 6980 $m^2$ двор. Површините на спортски терени и гралишта изнесуваат1400 $m^2$. Начин на загревање на училиштето е со парно греење.<br>Училишната зграда се состои од приземје и 2 ката (1+2) и спортска сала во посебен објект.<br>Училиштето работи во 1 смена.<br>Училиштето располага со:<br>○ 24 училници<br>○ 7 помошни простории<br>○ 2 училишни библиотеки, медијатека<br>○ 1 наставничка канцеларија,<br>○ 3 канцеларии (директор, стручни соработници, секретар/домаќин)<br>○ просторија за технички персонал,<br>○ архива,<br>○ 2 фискултурни сали.<br><br>**Искористеност на просторните капацитети**<br>Училиштето има јасен план и распоред и максимално ги користи расположливите капацитети за изведување на наставата и на воннаставните активности, со што ги задоволува потребите на учениците. |

| | |
|---|---|
| | **Опременост со стручна литература и наставни средства и помагала**<br>Училиштето располага со наставни средства, но голем број од истите се застарени и не се обновуваат за да соодветствуваа на современите наставни текови за реализирање на воспитно-образовниот процес согласно планираните ресурси.<br>Училиштето ги утврдува потребите за наставни средства и помагала, вклучувајќи книги, материјали за практична работа, аудиовизуелна и ИКТ опрема, и континуирано ги обновува за да соодветствуваат на современите наставни текови. Наставниците и учениците знаат кои наставни средства и материјали им се на располагање и ефективно и ефикасно ги користат во наставата и во учењето.<br>Наставниците и учениците имаат пристап до интернет.<br>Училиштето нема соодветни нагледни средства, материјали и помагала за учениците со посебни образовни потреби. |

| **6.2. Наставни средства и материјали**<br>**Собирање на податоци (Кои податоци се собрани: Кои методи се користени). (i) Обработка на документи** | |
|---|---|
| **Извори на податоци** | **Кои информации се собрани?** |
| Годишна програма на училиштето<br>Записници од стручни активи | **Училишна библиотека**<br>Училишната библиотека располага со 5000 учебници, друга литература 3830,<br>При издавањето се води елекртронска евиденција, како и евиденција за оптштетеноста и потребни лектирни изданија и електронски ја води библиотечите од нови изданија.<br>Библиотечна евиденција се води и во интерна книга. Библиотекарот е задолжен и уредно ги прибира и распоредува бесплатнитните учебници.<br>Библиотеката е добро уредена и располага со компјутер и пристап до интернет. Библиотеката е отворена за користење од страна на учениците и наставниците во текот на целиот училиштен ден.<br>**Потрошен материјал**<br>Училиштето планира и навреме обезбедува потрошен материјал во потребното количество за реализација на наставните и воннаставните активности, согласно финансиските можности.<br>Потрошниот материјал за хигиена го има во доволна количина, а набавката се врши тековно, според потребите со договорни постапки. |

| 6.3. Обезбедување на потребниот наставен кадар<br>**Собирање на податоци (Кои податоци се собрани: Кои методи се користени). (i) Обработка на документи** | |
|---|---|
| **Извори на податоци** | **Кои информации се собрани?** |
| Досиеа на вработени<br>Програма за работа на стручната служба<br>Годишна програма на училиштето<br>Записници од работата на стручните активи; | **Број на вработени и соодветност на наставниот кадар**<br>Училиштето има вработено наставници за реализирање на воспитнообразовниот процес, вклучувајќи и кадар обучен за работа со деца со посебни образовни потреби.<br>Наставниот процес во училиштето го реализираат 32 наставници (9 мажи и 23 жени), училишен психолог, социолог, дефектолог, библиотекар и директор. Од нив 11 наставници се вработени на неопределено работно време и 21 на определено време. Има 2 наставника приправници, за кои од страна на директорот е назначен ментор. По вид на образование 26 наставника се со високо образование и 3 наставник со вишо образование. Наставниот кадар е квалификуван и е оспособен да ги превземе одговорностите во наставата и воннаставните активности.<br>Работата на наставниците соодветно е подржана од страна на стручната служба и административно-технички персонал. Училиштето има пропишано процедура за реализација на приправнички стаж за наставник – приправник.<br>**Ефективност и распоредување на кадарот**<br>Наставниците успешно работат како тим во рамки на стручните активи и придонесуваат за ефективно работење на училиштето. При ангажирање на наставничкиот кадар се земаат предвид соодветната квалификација согласно нормативот, искуството и професионалниот развој на наставникот. Во случаи на пократко или подолго отсуство на наставничкиот кадар, училиштето има механизми за брза и соодветна замена.<br>**Стручната служба како поддршка на наставниот кадар**<br>Училиштето има стручна служба (училишен психолог, социолог, дефектолог, библиотекар) која им помага на наставниците во организацијата и реализацијата на наставата, следењето на напредокот на учениците, справувањето со проблемите на индивидуално и групно ниво и давање советодавна помош на учениците. Стручната служба во својата програма за работа планира и спроведува разновидни активности за работа со учениците и наставниците и е секогаш отворена за соработка. Училишниот дефектолог обезбедува поддршка на наставничкиот кадар за работа со деца со посебни образовни потреби. |

| **6.4. Професионален развој на наставниците**<br>**Собирање на податоци (Кои податоци се собрани: Кои методи се користени). (i) Обработка на документи** | |
|---|---|
| **Извори на податоци** | **Кои информации се собрани?** |
| Програма за професионален развој на наставничкиот кадар;<br>Професионално досие на наставник/стручен соработник;<br>Извештај од самоевалуација;<br>Програма за работа на менторот (програма за работа на менторот)<br>Анкети на училиштето за професионален развој на кадарот;<br>Листи од спроведени интерни обуки | **Професионален развој на наставниците**<br><br>Училиштето ги идентификува потребите на наставниците за професионален развој преку посета на часови од страна на стручната служба и директорот, најмалку два пати во година.<br>Потребите на наставниците се следат и преку планирањата и активностите на стручните активи.<br>Училиштето има изготвено План и програма за професионалниот развој. Наставниците добиваат можност да учествуваат на семинари организирани од страна на МОН, БРО, како и обуки кои се спроведуваат од страна на домашни и странски акредитирани организиации.<br>Училиштето има добра пракса за дисеминирање на знаењето – организирање на интерни обуки.<br>Стручната служба континуирано ги следи наставниците, нивните досегашни обуки и семинари и истите се евидентирани во Портфолијата за професионален развој на наставниците.<br>Работата на наставникот приправник ја следи менторот и стручната служба, кои даваат соодветна и стручна помош. |

## 6.5. Финансиско работење во училиштето

**Собирање на податоци (Кои податоци се собрани: Кои методи се користени). (i) Обработка на документи**

| Извори на податоци | Кои информации се собрани? |
|---|---|
| Финансиски план,<br>Развоен план/програма<br>Годишната програма за работа;<br>Записници од разговори со директорот /наставниците, УО;<br>Записници и одлуките на УО;<br>Записници од разговорите со Советот на родители и ученичката заедница;<br>Записници од разговори со екоодборот;<br>Склучени договори, тендери за јавни набавки; понуди;<br>Програма на ученичката заедница;<br>Финансиски извештај. | **Постапки со кои се обезбедува почитување на законската регулатива за финансиско работење**<br>Постапките за финансиско работење, што ги спроведува училиштето, се во согласност со законските норми. Раководниот кадар ги знае и ги разбира механизмите што може да ги користи за стекнување дополнителни финансиски средства.<br>Финансиското работење на училиштето се контролира од страна на Училишниот одбор. Училишниот одбор редовно го следи наменското трошење на буџетот, со цел да има увид во потрошените финансиски средства.<br><br>**Транспарентност во планирањето и трошењето на училишниот буџет**<br>Училиштето ги информира органите и телата во училиштето за училишниот буџет и трошењето. Одговорните лица редовно дискутираат за информации поврзани со ресурсите и преку одлуките што ги носат обезбедуваат економичност, ефикасност и правичност во распределувањето на финансиските средства.<br>Раководниот кадар ги консултира сите вработени, кога тоа е потребно и на соодветно ниво на деталност.<br>Училиштето, материјалните трошоци, трошоците за комунални услуги и други финансиски трошоци ги врши од финансиски средства од основачот, преку претходно одобрен финансиски план.<br>Буџетот се користи наменски и за креативни цели што се фокусирани на подобрување на квалитетот на наставата и учењето, подобрување на постигањата на учениците, како и развојот на училиштето во целина.<br>За финансиското работење училиштето ги информира Локалната власт преку полугодишни и годишни извештаи за финансиско работење. |

| |
|---|
| **Јаки страни:**<br> Училиштето планира и навреме обезбедува потрошен материјал во потребната количина за реализација на наставните и вон наставните активности согласно училишниот план<br> Во училиштето функционира стручна служба<br> Стручната служба им помага на наставниците во организација на наставниот процес<br> Наставниците во училиштето редовно добиваат напатствија за водење на педагошката евиденција. |
| **Слаби страни:**<br> Училиштето располага со наставни средства, но голем број од истите се застарени и не се обновуваат за да соодветствуваа на современите наставни текови за реализирање на воспитно-образовниот процес согласно планираните ресурси |
| **Идни активности/ Приоритетни подподрачја (оддели) во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во планот за развој на училиштето:**<br> Училиштето да преземе мерки и активности за обновување на застарените наставно нагледни средства и технички помагала |

<table>
<tr><td colspan="3">Собирање податоци<br>Кои други методи се користени за собирање податоци? (прашалници, анкети, набљудувања, интервјуа)</td></tr>
<tr><td>Методи кои се користени за собирање податоци</td><td>Кој беше вклучен во собирање на овие податоци?</td><td>Кои информации се собрани?</td></tr>
<tr><td colspan="3">РЕЗУЛТАТИ ОД АНКЕТА ЗА РЕСУРСИ</td></tr>
<tr><td>Беа анкетирани вкупно 13 испитаници</td><td>Наташа Детич<br>Вера Стојановска<br>Мерал Шабединовска<br>Снежана Јанчевска<br>Јасмина Монавчева-<br>Стефан Гегараковски</td><td>1 . Големината на просторот и училниците одговараат на потребните стандарди<br><br>92% од анкетираните испитаници одговориле дека се согласуваат, 8% дека се согласуваат делумно.<br><br><br></td></tr>
</table>